# ИЊЕКТИНГ-К

*Адитив за приготвување на ињекциона смеса за ињектирање на кабли за преднапрегање*

## Област на примена:

Се употребува како адитив (додаток) за цементни ињекциони смеси и тоа: за инектирање на кабли во преднапрегнати носачи, за ињектирање (заполнување) на прснатини во бетонски елементи и др.

## Својства:

- прашкаста маса со сивкаста боја;
- овозможува редукција на водата за припремање на цементните ињекциони смеси, така што при проток низ Маршова инка од 8-12 сек, лесно се постигнува водоцементен фактор помал од 0,40;
- го елиминира или намалува одвојувањето на вода на свежата ињекциона смеса;
- го намалува собирањето на ињекционата смеса;
- ги зголемува јакостните карактеристики на стврднатата ињекциона смеса;
- ја зголемува отпорноста на мраз;
- не содржи хлориди;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Запрем. маса во растрес. сост.: | 0,5 гр/см$^3$ |
| Запрем. маса во збиена сост.: | 0,7 гр/см$^3$ |

## Дозирање и подготовка:

Се дозира 4% од масата на цементот.
Подготовката на ињекционата смеса се врши по следната постапка:
Во определената количина на вода, при постојано мешање, се додава потребната количина на цемент и на крај се додава ИЊЕКТИНГ-К. Мешањето се врши машински. Времетраењето на мешањето изнесува толку колку што е потребно да се добие хомогена смеса без грутки, но не смее да биде повеќе од 5 минути. Пред да се внесе ињекционата смеса во ињекторот мора да помине низ сито.

## Пакување:

Во натрон вреќи од 20 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории. Рок на употреба 12 месеци.

СМЕСИ ЗА ЗАЛЕВАЊЕ

<u>Опасност по здравје:</u> Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување на прашкастата компонента. При инцидентен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е очите веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Препорачуваме да начинот на нанесување и потребните количини се прилагодат према условите на објектот, како и обавезна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат 6б, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@t-home.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk